


Време, број 1642, 11.04.2009

СКОПЈАНИ ЈА ОБНОВУВААТ ПРИКАЗНАТА ЗА ГРАДОТ

## Маалските фурни и мирисот на липите - нови симболи на Скопје

Умеат ли скопјани да ги негуваат препознатливите обележја на градот, неговите неофицијални симболи, знаат ли да ги одржуваат живи градските легенди и со тоа да ја чуваат свежа приказната за својот град?

Според уметниците, филозофите, архитектите, во Скопје има многу градби, кои веќе се негови симболи, како Камениот мост, Калето, Старата чаршија, Старата железничка станица, но повеќето од нив се застарени и недоволно искористени како инспирација. Во потрага по обележја на новото Скопје, во кое контрастот на тесните калдрмисани улички и масивните застаклени објекти, на моменти е гротескна, креативците имаат интересни предлози: маалски фурни, маички на кои се испечатени предмети од излозите на старата скопска чаршија, се потесните улички меѓу висококатниците. Фотографот Иван Блажев, кој заедно со Владимир Јанковски ја направи фото-монографијата за Скопје, „Скопје со широко отворени очи", вели дека општоприфатените симболи, кои се дел од сите градски водачи, разгледници и монографии, се веќе потрошени, а приказните зад нив одамна раскажани. - Време е за ремапирање на градот, за нова карта на симболи, кои произлегуваат од личните приказни на жителите на Скопје - вели Блажев. Негов личен фаворит за симбол на Скопје од вчера, денес и утре, е, на пример, малата фурна, која се наоѓа зад „Мала станица", на уличката која води кон задниот влез во Клиничкиот центар. Таа, вели фотографот, нема име, туку на таблата пред влезот се напишани производите кои можат да се најдат внатре (кифли, бурек, симит) . - Оваа фурна би можела да биде симбол на скопските навики, ритуали, храна, култура - коментира Блажев. На неодамнешниот конкурс на невладината организација МАТА за изработка на градски сувенири, победи едно, за многумина, оригинално и истовремено носталгично решение. Станува збор за прибор за пиење чај, составен од садови и кесичка со чај од липа " комплет, кој веднаш асоцира на новата димензија што му ја даваат расцветаните липи на пролетно Скопје. Автори на овој предлог за сувенир на главниот град се Билјана Клекачкоска, позната како уметница што изработува филигран, и Жарко Стојановиќ. Според Иван Џепаровски, професор по филозофија на Филозофскиот факултет, штом Скопје нема симбол што е препознатлив „на прва", тој не мора по секоја цена да се бара. - За мене старата железничка станица е симбол на градот бидејќи таа го симболизира времето по катастрофалниот земјотрес, кога Скопје стана град на солидарноста. Музејот на град Скопје не случајно е поставен во таа зграда, бидејќи часовникот на неа симболизира премин на старото во ново време - вели Џепаровски и додава дека симбол на градот може да биде и тврдината Кале, Камениот мост, но и археолошкиот локалитет Скупи, кога таму ќе завршат истражувањата. На официјалниот грб на Скопје се наоѓаат Камениот мост и Калето со поглед кон Шар Планина (Титов Врв) . За архитектот Мирослав Грчев, овие симболи на градот одговарале на вкусот на властите во времето кога се креирал грбот. - Од сите белези на градот, се издвојува Камениот мост, иако автентичноста во неговата реконструкција не се испочитува. И ете, тој споменик на културата од нулта-категорија, нешто што можевме на цел свет да му го покажуваме како вредност, речиси го упропастивме - додава Грчев. И серијата скулптури поставени на повеќе локации во центарот на Скопје, според нашите соговорници, имаат голема шанса да станат нови градски обележја. Во кој контекст ќе ги доживуваат идните жители на главниот град, велат, треба да оставиме да покаже времето. Можеби, некои од нив ќе станат тоа што е „Малечката




Сајт на денот



Конгрегејт - заедница за игри во Флеш

XML

ISSN: 1857 - 6419

12

сирена“ за Копенхаген, лавовите за Венеција или „Волчицата“ за Рим.

Слични статии:

Останати статии од оваа рубрика:

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ
Изложба на дела од македонскиот енформел

ПРЕТСТАВАТА НА КОЧОВСКИ ВО ДИСКОТЕКИТЕ НА ГЛАВНИОТ ГРАД
Ексцентричната „Друга страна“ во „Би ту“

НАСПРОТИ КРУТОСТА НА ПОЛИТИЧАРИТЕ
Уметноста го топи мразот меѓу САД и Куба

ВИКЕНДОВ НА „ТАНЦ-ФЕСТ“
Шведски танцови филмови во Битола

ОХРИД
Хуманитарен концерт на Трајанов

„ЕЕГ“ на Јолевски во МНТ

Оценки/Коментари Оценете

(Редакцијата ВРЕМЕ Ве моли опцијата коментари да ја користите за изнесување на вашиот став за наведената рубрика, а не за меѓусебно препукување. Како друга опција можете да го искористите и форумот на ВРЕМЕ **http://forums.vreme.com.mk/** каде слободно можете да се најавите и да дискутирате за било која тема.)

EXCLUSIVECOM.MK




DUO EXTREME
од 899 ден.

ПРОЕКТ ЗА УПРАВУВАЊЕ
СО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР
THE WORLD BANK
www.moh-hsmp.gov.mk
ПОСЕТЕТЕ НЕ! ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ!
Сé за реформите во здравството
на едно место и, веднаш достапно.




Net Press

www.folkmk.com
ЗА СИТЕ ФОЛКЕРИ